# НАЈМАЛИОТ СЛОН НА СВЕТОТ

на Кајетан
и на Марта

– Маќеј

# НАЈМАЛИОТ СЛОН НА СВЕТОТ

Маќеј Шиманович






# Дел I

# Поглавје 1,

Во кое ги запознаваме мама слоница и тато слон, но најважното е тоа што се појавува Слончето.

Кога Слончето дојде на овој свет, беше последен ден од зимата. Снегот паѓаше некако срамежливо, како да беше изморен и како веќе да сакаше да се скрие длабоко во облаците и да почека до следните студови.

А мора да знаете дека за слоновите зимата е многу ретка појава. Нели, во нивната татковина Африка[1], воопшто нема зима. Таму никогаш не паѓа снег и секогаш е топло. Но, нашето Слонче дојде на свет далеку од својата татковина. Се роди во зоолошката градина, среде градот.

Бидејќи слоновите не сакаат студено, слонското семејство целата зима ја минуваше во топлото живеалиште. За време на долгите, темни вечери, големиот тато слон читаше големи слонски весници и гледаше слонски вести на телевизија. Големата мама слоница читаше долги слонски љубовни романи и гледаше слонски серии, а одвреме-навреме плетеше големи слонски чорапи и слонски капи. Сите завршуваа во големиот слонски шкаф, бидејќи, меѓу нас кажано, слоновите толку многу се плашеа од студот, што при самата помисла да излезат надвор пред живеалиштето, морници им ги полазуваа огромните слонски грбови!

---

[1] Знаете ли дека сите слонови не потекнуваат од Африка? Дел од нив потекнуваат од Индија – затоа се нарекуваат индиски слонови. Сепак, нашето слонско семејство потекнува од Африка.

Но, да се вратиме на нашето Слонче, кое засега воопшто не беше толку големо. Всушност, беше многу малечко – зашто дури и слоновите, кога се уште мали, се... едноставно малечки.

Малото Слонче го отвори левото око и во него ја здогледа големата мама, која се веднеше над него со насмевка и нежно го галеше со сурлата по главчето. Го отвори десното око и го здогледа големиот тато слон, кој цупкаше од нога на нога и изгледаше како да е збунет. Лицето му се смееше, но во очите имаше страв, а со сурлата правеше чудни форми во воздухот.

– Слонче, нашето драго мало Слонче! – извика мама.

– Добар ден – рече тато малку круто, што го насмеа Слончето, кое им се насмевна на родителите толку широко, што ќошињата на слонското усте му допреа речиси до ушите.

Тато слон веднаш престана да изгледа збунето и се насмевна уште пошироко од неговиот новороден син. А мама слоница дури потскокна од восхит.

Потоа, тато слон го прегрна Слончето со силната сурла и почна нежно да го лула. На Слончето многу му се допадна тоа. Светот, на кој само што се појави, беше за него сосем нов и интересен. Сепак, во тој миг, почувствува дека сака да престане да го осознава и, наместо тоа, да си дремне. Сте забележале ли дека повеќето суштества, кога сѐ уште се мали, постојано сакаат да си дремат? Чудно, зошто ли е тоа така?

Така, Слончето ги замижа очињата и вслушувајќи се во чудниот, тивок одглас – ни шумолење ни шушкање – заспа.

Тој чуден одглас беше одгласот на снегот што паѓаше. Тоа беше последниот снег годинава. Сте го чуле ли некогаш одгласот на снегот кога паѓа? Треба да се вслушате многу, многу внимателно. Да ги исклучите радиото и телевизорот и да слушате, да слушате... Со тој звук навистина се заспива слатко, во што се увери и нашето Слонче.



# Поглавје 2,



## Во кое Слончето дознава дека Африка е волшебна, а патем го запознаваме Господинот Мачор.

– Мамо! Тато! Сонував прекрасен сон! – извика Слончето веднаш штом се разбуди.

Утринското сонце продираше низ прозорците и му биеше во сѐ уште сонливите очи. Слончето го скри лицето со слонската нога и ги замижа очите, но и понатаму се обидуваше да гледа во светлиот штит.

– Леле! Баш жолтово крукче го сонував! Само многу поголемо и... и... жешко, многу жешко! Што е тоа, мамо?

– Тоа е сонцето – одговори мама. – Во Африка, таму од каде што потекнуваме, тоа е многу поголемо и многу потопло.

Слончето се замисли. Трапаво се истркала од креветот и појде кај прозорецот. Љубопитно ја набљудуваше околината, сѐ му беше толку ново.

– Е, и ова го сонував! Само поинакво, малку поголемо и некако поинакво, повесело! – извика, покажувајќи кон дрвото, кое навистина изгледаше тажно, зашто уште не беше стигнало да пушти лисја.

– Тоа е дрво – му објасни мама. – И, навистина, дрвјата во Африка се сосем различни. Таму растат палми и баобаби, кои имаат лисја преку целата година и се стопа-

ти поголеми. И, воопшто, сè е таму пријатно слонско и топло. Ах, Африка. Африка е волшебна! – откако го рече ова, длабоко се замисли.

Слончето си помисли дека мама се растажи како дрвото зад прозорецот, па потрча кај неа и ја прегрна со сета сила. Уште не разбираше зошто се натажи мама. Впрочем, светот му се чинеше толку интересен! И зоолошката, и таа Африка, за која дозна, а која ја виде само во сон, па дури и тукашното дрво, кое сигурно сега ќе се насмевне.

– Зошто си тажна, мамо? – праша.

Мама не му одговори на прашањето, туку погледна во неговите големи очи и рече:

– Си ја сонувал Африка, синко. Сите слонови понекогаш ја сонуваат Африка.

– А каде е таа, таа Африка? – праша Слончето. – Ајде да одиме таму! Таму мора да е преубаво! Да одиме во Африка! Сите! И јас, и ти, и тато!

Мама ништо не одговори на овие зборови, само се сврте и промеша во тенџерето, кришум бришејќи си солза. Меѓутоа, во темното ќоше покрај радијаторот нешто запреди, се закикоти и сонливо се протегна. Слончето најпрвин се исплаши, но неговата љубопитност се покажа посилна. Пријде до местото од каде што доаѓаше кикотењето.

– Што си ти? – праша, трудејќи се тоа да прозвучи храбро.

Од под радијаторот излезе лично Господинот Мачор. Црвеникаво-кафен и пувкав. Стана полека, му пријде на Слончето и се поклони љубезно, иако воздржано.



– Јас сум Господин Мачор. Мило ми е. – И со рунтавата шепа ја стисна сурлата на Слончето.

– Јас сум Слонче. И мене ми е мило. Зошто се смееше, Господине Мачор?

– Само Африка, па Африка – одговори мачорот таинствено. Го одмина Слончето и пријде до прозорецот. – Мора да проверам дали пролетта навистина веќе пристигнала. Ќе ми простите, дами и господа...

– Почекај! – извика Слончето.

– Даааа?

– Ти... ти, и тебе те сонував.

– Вистина? – се зачуди Господинот Мачор.

– Вистина. Само беше така некако поголем и жолтеникав и имаше бујна грива, и...

Мачорот, изгледа, се навреди, зашто го намршти челото и се сврте.

– Лав. Си сонувал лав, Слонче. – И се протна низ прозорецот да ја бара пролетта.

# Поглавје 3.

## Во кое Слончето и Господинот Мачор сакаат да ја најдат пролетта, но не им успева.

„Пролет“ – си помисли Слончето. – „Тоа звучи интересно“. И не двоумејќи се долго, побрза по Господинот Мачор. За жал, не беше лесно да држи чекор со него.

Мачорот со неколку пргави скокови го премина целото слонско живеалиште, подзастана пред решетките, потоа се провлече меѓу шипките и веќе беше од другата страна.

Слончето трчаше малку трапаво, беше далеку од мачкината грациозност. Кога конечно стигна до решетките, виде дека шипките се преблизу една од друга и дека, веројатно, нема да го собере помеѓу нив. Сепак, реши да не се предава. Ги затвори очите, зеде залет, скокна и... Ех! Се заглави помеѓу решетките! Се вртеше, риташе, си помагаше со ушите, ама ништо не можеше да се стори.

– Господине Мачор, почекај ме! – извика очајнички.

Но, мачорот веќе исчезна во далечината. Неговата фигура стануваше сè помала во сè повлажните слонски очиња.

На крајот, малечкиот се расплака на цел глас, а тогаш се појави тато слон. Му беше малку лут на палавото синче, но, сепак, веднаш го ослободи и нежно го прегрна со сурлата. „Сепак, ова му е прв ден“ – си мислеше. – „А мене ич не ми е мило кога му е лошо.“

– Ајде, не плачи веќе – рече. – Само плачковците плачат. Сега ќе биде појадокот. Мама прави превкусни питулици со кисела трева и со мармалад од банани. Мњам, мњам, прсти да лижеш! – Тато си ги излижа слонските прсти, притоа вртејќи со очите, а потоа отрча во слонската кујна, бидејќи обожаваше да поткраднува питулици право од тавата.

Во меѓувреме, помина девет часот и зоолошката беше отворена за посетителите. По патеките се појавија деца. Ги набљудуваа животните, а одвреме-навреме им правеа смешни гримаси. Понекогаш им фрлаа и бонбончиња, иако тоа беше забрането, затоа што не е дозволено да се хранат животните во зоолошка. Сигурно си мислите дека е тоа глупава забрана, зашто, нели, хранењето е огромна забава и за децата и за животните. А знаете ли дека многу често, откако ќе изедат бонбончиња или други деликатеси, животните ги болат стомаците? Значи, хранењето воопшто не е толку добра идеја. Дотолку повеќе што слонската мама тукушто пржеше одлични питулици, а, како што знаеме, јадењето бонбончиња пред појадок е многу сериозен престап!

Веднаш штом ги виде децата, Слончето се приближи до решетките. Ја подаде сурлата кон нив, но не можеше да ги достигне и да се поздрави со нив.

Во меѓувреме, децата викаа едно преку друго:

– Колку е убаво!

– Преубаво е!

– Миличко!

– Мамо, купи ми вакво!

– Да го сликаме!

– Ова е најдоброто животинче во целата зоолошка!




Децата по секоја цена сакаа да го погалат Слончето, но тоа беше предалеку. Така, Слончето стануваше сè потажно. Прашувате: зошто? Зашто повеќе сакаше да биде со децата, таму, од другата страна на оградата. Да си игра со нив, да шмрка вода од фонтаната со сурлата и да прска нагоре, право накај сончко. А децата низ смеа да бегаат од под слонскиот туш.

Меѓутоа, од дома допираа повиците на мама. Питулиците беа готови.

# Поглавје 4.

## Во кое има превкусни питулици, но Слончето не сака да ги јаде и одлучува да стане Најмалиот слон на светот.

Питулиците мирисаа извонредно. Тато слон голташе питулица по питулица, и ако ги изброиме поточно, се покажа дека изел сто дваесет и девет. Ама тоа не е ништо чудно – нели беше огромен.

Затоа, пак, неговото синче седеше намуртено над чинијата и само гледаше кон прозорецот.

– Зошто не јадеш? Ќе истине – рече мама слоница. – Мора многу да јадеш, за да имаш сила и да растеш. Нели сакаш да бидеш голем како тато?

– Или уште поголем! – дофрли тато со насмевка, бришејќи си ги со салфета големите бели бивни. Се насити, па сега си пивнуваше мирисливо кафе од својата омилена кофа.

– Не сакам да бидам голем! – соопшти Слончето и ја оттурна чинијата.

На овие зборови, мама го испушти порцеланскиот шеќерник, а тато се засркна со кафето.

– Како тоа?! Слонот мора да биде голем!

– Не мора. Јас ќе бидам мал слон. Не сакам да растам. Сакам... сакам да се смалувам!

– Како тоа?! Зошто?! – прашуваа загрижените родители.

– Зашто сакам, и готово! – одговори.



– Да се договориме вака: сега ќе си појдеш надвор да потрчаш, а потоа ќе се вратиш и ќе јадеш – мама го примамуваше синчето.

– Или вака: ќе се најадеш, а потоа, како награда, ќе го расклопиме часовникот и ќе видиме што има внатре! – го примамуваше тато.

Слончето молчеше, па мама дофрли уште една мамка:

– Ќе гледаме како алиштата се вртат во машината за перење.

– Вечер ќе можеш да гледаш со нас филм – додаде тато.

– Ќе го расклопиме телевизорот! – отиде докрај мама.

– А, не! Никако телевизорот! – се побуни тато.

– Ама мора да јаде! Зашто нема да порасне!

– Јади!

– Ајде, де, јади!

– Не се лигави!

– Нема да пораснеш!

– За мамичка!

– За татичко!

– И за чичко нилски коњ!

– И за тетка жирафа!

Викаа еден преку друг, настојувајќи да му пикнат в уста, на тврдоглавото Слонче, барем залак питулица. Но, тоа не сакаше да јаде. Не јадеше и не сакаше ни да каже зошто. Всушност, не сакаше да јаде зашто не сакаше да расте. Сакаше да биде мал како Господин Мачор. Или дури помал. Толку мал, за да се промолкне без напор низ решетките. Не сакаше целиот живот да го помине во зоолошката градина, како родителите. Тој ден реши дека ќе стане најмалиот слон на светот. А потоа ќе побегне од зоолошката градина и ќе ја пронајде пролетта. И Африка.